Одлуката за донесување на Измени и дополнување на Детален урбанистички план за дел од УБ 2 населба Маџари 1 МЗ "Хиподром" Блок Општина Гази Баба - Скопје ги почитува определбите не Генералниот урбанистички план на град Скопје ("Службен гласник на град Скопје" бр.8/2002), Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11), Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови ("Службен весник на РМ" бр.78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 142/10).

**Член 2**

Со оваа одлука се опфаќа просторот со површина од 3,05ха со следните граници:

- на Североисток: осовина на ул."Пехчевска",
- на Југоисток: осовина на ул."Париска Комуна",
- на Југозапад: осовина на ул."Разлошка" и ул."Никола Киров Мајски", и
- на Северозапад:осовина на ул. "Крива Феја" и пристапна улица од ул."Никола Киров Мајски".

**Член 3**

Измените и дополнувањата на Детален урбанистички план за дел од УБ 2 населба Маџари 1 МЗ "Хиподром" Блок 6 Општина Гази Баба - Скопје, со Техн.бр.У04-04/11 од 09/2011 изготвен од ДПТУ ''Иванов-инженеринг'' ДООЕЛ Битола, содржи:

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1.ВОВЕД
2.ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ
3.ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ
4.ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИ ЧИНИТЕЛИ
5.ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ

6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД
7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ПОСТЕЧКИ СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ
8. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ПОСТОЈНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
9. СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАЖЕЧКИТЕ ПЛАНОВИ
10. АНАЛИЗА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ
11. ОДРЕДБИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГУП НА ГРАД СКОПЈЕ - ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ
12. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1. ИЗВОД ОД ГУП НА ГРАД СКОПЈЕ ......................... М = 1 : 5000
2. ИЗВОД ОД ДУП ........................................ М = 1 : 1000
3. АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА ........................ М = 1 : 1000
4. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА БЕСПРАВНИ ГРАДБИ ................. М = 1 : 1000
5. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМКА НА ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА .... М = 1 : 1000

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. ВИД НА ПЛАН И ПЛАНСКИ ПЕРИОД
2. ГЕОГРАФСКА И ГЕОДЕТСКА МЕСТОПОЛОЖБА СО ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ
3. ТЕКСТУАЛНИ ОДРЕДБИ ОД ПЛАНОВИ ОД ПОВИСОКО НИВО
4. ПЛАНСКА ПРОГРАМА
5. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ
6. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИ РЕШЕНИЈА
7. ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА НАЧИНОТ, ОБЕМОТ И ДИНАМИКАТА НА ФИНАНСИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА
8. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА
9. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА
10. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА
11. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ
12. БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1. РЕГУЛАЦИОНЕН ПЛАН И ПЛАН НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ ......... 1 : 1000
2. СООБРАЌАЕН И НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН ........................... 1 : 1000
3. ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН И ПЛАН НА ЗЕЛЕНИЛО .................. 1 : 1000
4. СИНТЕЗЕН ПЛАН ............................................. 1 : 1000

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за уредување на просторот се составен дел на планот, направени според Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 И 53/11), Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови ("Службен весник на РМ" бр.78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/10).

**Член 4**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Советот на Општина Гази Баба и потпис на претседателот на Советот на Општина Гази Баба.

**Член 5**

Секторот за урбанизам, комунални работи и сообраќај на Општина Гази Баба, во рок од 30 дена од донесувањето на оваа Одлука, ќе обезбеди комплетна документација за реализирање на Деталниот урбанистички план.

**Член 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови се чува, следи и за негова реализација ќе се грижи Секторот за урбанизам, комунални работи и сообраќај на Општина Гази Баба.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07 - 3980/12**
**од 26.10.2011 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за утврдување на**
**Нацрт - Урбанистички план за село Трубарево, Урбан Блок 8,**
**Општина Гази Баба - Скопје**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт - Урбанистички план за село Трубарево, Урбан Блок 8, Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 26.10.2011 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 4112/10**
**од 01.11.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 22 став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 22 став 1, член 24 став 1 и 2 и член 26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05 ,137/07 , 91/09 , 124/10 ,18/11 и 53/11 ) и член 151 став 2 од деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и седмата седница одржана на ден 26.10.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување Нацрт - Урбанистички план**
**за село Трубарево - Урбан Блок 8 , Општина Гази Баба - Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт - Урбанистички план за село Трубарево - Урбан Блок 8 ,Општина Гази Баба -Скопје, го почитува Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05 , 137/07 ,91/09 , 124/10 ,18/11 и 53/11), Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови ("Службен весник на РМ" бр.78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/10 , 64/11 и 98/11).

**Член 2**

Просторот за кој се утврдува Нацрт - Урбанистички план за село Трубарево - Урбан Блок 8 ,Општина Гази Баба -Скопје., е со површина од 5,73ха и е во рамките на следните граници:

- Север границата ја следи регионалниот пат Р 103 Скопје - Велес;
- Исток границата ја следи осовината на отворениот канал ;
- Југ границата ја следи осовината на железничката пруга Скопје - Куманово; и
- Запад границата се совпаѓа со границата на Урбан блок 8 односно со Источните граници на катастарските парцели од зоната за домување: КП 443/2, КП 443/3, КП 443/4, КП 443/7, КП 443/5 и КП 443/6

**Член 3**

Нацрт - Урбанистички план за село Трубарево - Урбан Блок 8, Општина Гази Баба - Скопје, со Тех.бр. У03 - 11/10 изготвен од ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ - Битола, содржи:

С о д р ж и н а

- Насловна страна

Податоци за изработувачот

- Работен тим
- Регистрација на фирмата
- Лиценца на фирмата
- Овластувања на вработените

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

А. Текстуален дел: Документациона основа, 2011 год.

Вовед
1. Географско одредување на подрачјето на планскиот опфат со граници и површина
2. Историјат на планирање и уредување на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина
3. Природни чинители
4. Создадени вредности
5. Инвентаризација на изградениот градежен фонд и вкупна супраструктура
6. Инвентаризација на постоечки споменички целини и градби од културно-историско значење
7. Инвентаризација на изградената комунална инфраструктура
8. Инвентаризација на бесправно изградени градби
9. Анализа на степен на реализација на урбанистички план
10. Анализа на можности за просторен развој
11. Извод од УДНМ за село Трубарево - текстуален дел
12. Други податоци за планскиот опфат

Б. Нумерички дел: Документациона основа, 2011 год.

В. Графички дел: Документациона основа, 2011 год.

1. Извод од УДНМ Трубарево од 1999 год.
- Поделба на урбани блокови ........................................ 1 : 5000
1.1.-1.5. Извод од од УДНМ Трубарево од 1999 год-Урбан блок 8 ........ 1 : 2500
2. Ажурирана геодетска подлога ................................... 1 : 1000
3. Инвентаризација и снимка на бесправно изградени градба ........... 1 : 1000
4. Инвентаризација и снимка на изграден градежен фонд
и комунална инфраструктура и супраструктура .................... 1 : 1000

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

А. Текстуален дел: Планска документација 2011-2021 год.

1. Вид на план и плански период
2. Географска местоположба на планскиот опфат
3. Текстуални одредби од извод од УДНМ за село Трубарево
4. Планска програма
5. Плански концепт
6. Плански концепт на комуналната инфраструктура
7. Економско образложение
8. Мерки за заштита
9. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите
10. Посебни услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите

Б. Нумерички дел: Планска документација 2011-2021 год.

В. Графички дел: Планска документација 2011-2021 год.
1. План на намена на земјиштето и градбите и План на зеленило ........ 1 : 1000
2. Регулационен план и План на површини на градење ............... 1 : 1000
3. Сообраќаен план и нивелациски план ............................ 1 : 1000
4. Инфраструктурен план ......................................... 1 : 1000
5. Синтезен план ................................................ 1 : 1000

**Член 4**

Градоначалникот на Општина Гази Баба ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт - Урбанистички план за село Трубарево - Урбан Блок 8 , Општина Гази Баба - Скопје, со утврдување на времето и местото каде ќе биде изложен планот и спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07 - 3980/13**
**од 26.10.2011 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за донесување на**
**Детален урбанистички план, за дел од УЗ Маџари 2, Урбан Блок 5,**
**Општина Гази Баба - Скопје**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план, за дел од УЗ Маџари 2, Урбан Блок 5, Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 26.10.2011 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 4112/11**
**од 01.11.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 22 став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 24 став 6, став 7 и став 8 , член 26 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05 ,137/07 , 91/09 , 124/10 ,18/11 и 53/11 ) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/6), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и седмата седница одржана на ден 26.10.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
## За донесување на Детален урбанистички план за дел од УЗ Маџари 2, УБ 5 , Општина Гази Баба -Скопје

### Член 1

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички план за дел од УЗ Маџари 2, УБ 5, Општина Гази Баба -Скопје.

Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за дел од УЗ Маџари 2, УБ 5, Општина Гази Баба-Скопје ги почитува одредбите на Генералниот урбанистички план на град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје " бр.8/2002 ) , Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05 , 137/07 ,91/09 , 124/10 , 18/11 и 53/11), Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови ("Службен весник на РМ" бр.78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/10 и 64/11).

### Член 2

Просторот за кој се донесува детален урбанистички план за дел од УЗ Маџари 2, УБ 5 , Општина Гази Баба -Скопје, е со површина од18,34 ха

и е во рамките на следните граници:

- На Северозапад, запад: осовина на ул. " Срејко Пужалка" , осовина на ул. " Товарник" , осовина на ул. " Срејко Пужалка"
- На Североисток: осовина на ул. " Јужноморавски Бригади"
- На Југоисток: осовина на улица " Антон Попов " ;

### Член 3

Деталниот урбанистички план за дел од УЗ Маџари 2, УБ 5 , Општина Гази Баба -Скопје, со Тех.бр. У06 - 01/11 изготвен од ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ - Битола, содржи:

- Насловна страна

Податоци за проектантот:
- Работен тим
- Регистрација на фирмата
- Лиценца на фирмата
- Овластувања на вработените

Услови за планирање:
- Извод од ГУП
- Извод од ДУП
- Планска програма
- Геодетски елаборат за ажурирана подлога
- Прилози на документационата основа - писма до органите на државната управа и

други субјекти за достава на потребни податоци и претходни услови, согласно член 29 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 51/05,137/07,91/09, 124/10)

Документациона основа
Текстуален дел

1 .Вовед
2.Географско и геодетско одредување на подрачје на планскиот опфат
3.Историјат на планирањето и уредувањето иа подрачје на планскиот опфат
4.Податоци за природни чинители
5.Податоци за создадени вредности и чинители
6.Инвентаризација на изграден градежен фонд
7.Инвентаризација на постоечки споменични целини
8.Инвентаризација на постојна комунална инфраструктура
9.Степен на реализација на важечките планови
10.Анализа на можностите за просторен развој
11.Одредби за спроведување на ГУП на град Скопје - текстуален дел
12.Нумерички показатели

Графички дел

- Извод од ГУП .......................................... 1/5000
- Извод од ДУП .......................................... 1/1000
- Ажурирана геодетска подлога .............................. 1/1000
- Инвентаризација на бесправни градби ....................... 1/1000
- Инвентаризација и снимка на изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура и комунална инфраструктура .......... 1/1000

Планска документација
Текстуален дел

1.Вид на план и плански период
2.Географска и геодетска местоположба со граница на планскиот опфат
3.Текстуални одредби од планови од повисоко ниво
4.Планска програма
5.Опис и образложение на планскиот концепт за просторен развој
6 Опис и образложение на плански решенија
7.Економско образложение за начинот, обемот и динамиката на финансирање на реализација на планските решенија
8.Мерки за заштита
9.Општи услови за изградба
10.Посебни услови за изградба
11.Нумерички дел
12.Билансни показатели

Графички дел
- План за намена на земјиште и градби ........................ 1/1000
- Регулационен план и план на површини на градење ................ 1/1000
- Сообраќаен и нивелациски план ............................ 1/1000
- Инфраструктурен план и план на зеленило ..................... 1/1000
- Синтезен план .......................................... 1/1000

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за уредување на просторот се составен дел на планот, направени според Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05 , 137/07 ,91/09 , 124/10, 18/11 и 53/11), ), Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови ("Службен весник на РМ" бр.78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/10).

**Член 4**

Деталениот урбанистички план за дел од УЗ Маџари 2 , УБ 5 , Општина Гази Баба - Скопје, се заверува со печат на Советот на Општина Гази Баба.

**Член 5**

Секторот за урбанизам, комунални работи и сообраќај на Општина Гази Баба, во рок од 30 дена од донесувањето на оваа Одлука,ќе обезбеди комплетна документација за реализирање на Деталениот урбанистички план за дел од УЗ Маџари 2 , УБ 5 ,Општина Гази Баба -Скопе

**Член 6**

Деталениот урбанистички план за УЗ Маџари 2, УБ 5, Општина Гази Баба - Скопје со сите негови делови се чува, следи и за негова реализација ќе се грижи Секторот за урбанизам, комунални работи и сообраќај на Општина Гази Баба.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07 - 3980/14**
**од 26.10.2011 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата "Ф" на Општина Гази Баба за 2011 година**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата ''Ф'' на Општина Гази Баба за 2011 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 26.10.2011 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 4112/12**
**од 01.11.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 22 став 1, член 36 став 1 точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 17 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 51/2005, 137/2007, 91/2009, 124/2010, 18/2011 и 53/2011), член 46 став 1 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр. 82/08, 143/08, 56/10) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 4/06), Советот на Општина Гази Баба, на Триесет и седмата седница одржана на ден 26.10.2011 година, ја донесе следната

## **П Р О Г Р А М А**
## **За изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање „Ф" на Општина Гази Баба за 2011 година**

1. Во Програмата за урбано планирање „Ф" на Општина Гази Баба за 2011 година (Сл. гласник на Општина Гази Баба бр. 15/10, 4/11, 8/11 и 11/11), се вршат следните измени:

І.Ф.1 Подпрограма за урбанистичко планирање во точка 2. Пресметување на трошоците за урбанистичко планирање, во делот Расходи, износот во денари во категорија 42- стоки и услуги, се менува и гласи:

| Кат. | Став-ка | Осн. ставка | Подс-тавка | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 42 | Стоки и услуги | | | | | 13.000.000 | 100% |
| | 425 | Договорни услуги | | | | 13.000.000 | |
| | | 4256 | Услуги за животна средина и планирање | | | 7.500.000 | |
| | | | 4256 40 | Изработка на урбанистички планови | | 4.500.000 | |
| | | | | Изработка на урбанистички планови по редовна постапка | | | |
| | | | | 1 | Источна индустриска зона | | |
| | | | | 2 | Источна индустриска зона локалитет Вардариште | | |
| | | | | 3 | Железара- Индустриска зона | | |
| | | | | 4 | Дел од МЗ Маџари 2- УБ 5 | | |
| | | | | 5 | Дел од МЗ Маџари 2- УБ 6 | | |
| | | | | 6 | Дел од МЗ Крсте Мисирков | | |
| | | | | 7 | МЗ Триангла | | |
| | | | | 8 | МЗ Јане Сандански | | |
| | | | | 9 | Спортско рекреативен центар-Железара | | |
| | | | | 10 | Спортско рекреативен центар-Хиподром УМ 9 | | |
| | | | | 11 | УЗ Маџари | | |
| | | | | 12 | УЗ Железара- домување | | |
| | | | | 13 | УЗ Керамидница | | |
| | | | | 14 | УЗ Маџари 2- локалитет Камник | | |
| | | | | 15 | УЗ Автокоманда | | |
| | | | | 16 | Слободна стопанска зона-Железара | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 17 | Сервисна зона со терминали-северно од бул. А. Македонски | | |
| | | | | 18 | Урбанистички планови вон населено место на територијата на Општина Гази Баба | | |
| | | | | 19 | Спортско рекреативен центар-Гази Баба (езера Смилковци) | | |
| | | | | 20 | Дел од с. Трубарево-лоалитет Ергела | | |
| | | | | 21 | Колонија Идризово | | |
| | | | | 22 | С. Трубарево | | |
| | | | | 23 | С.Синѓелиќ | | |
| | | | | 24 | С.Инџиково | | |
| | | | | 25 | С. Булачани | | |
| | | | | 26 | С. Црешево и с. Виниче | | |
| | | | | 27 | С. Идризово | | |
| | | | | 28 | С. Гоце Делчев | | |
| | | | | 29 | С. Страчинци | | |
| | | | | 30 | С. Смилковци | | |
| | | | | 31 | С. Брњарци | | |
| | | | | 32 | С. Раштак | | |
| | | | | Програма за приоритетна изработка на урбанистички планови (по скратена постапка) на Општина Гази Баба | | | |
| | | | | 33 | Студентски центар Стив Наумов-Скопје | | |
| | | | | 34 | УЗ Автокоманда-локална самоуправа и дел комплекс факултети | | |
| | | | | 35 | Дел од источна индустриска зона – средношколски центар | | |
| | | | | 36 | Дел од источна индустриска зона –блок1 и блок2 | | |
| | | | | 37 | УЗ Автокоманда- дел од комплекс факултети, локалитет 2 | | |
| | | | | 38 | Заобиколница од Клучка хиподром до клучка Синѓелиќ | | |
| | | | | 39 | Дел од УП за село Стајковци | | |
| | | | | 40 | Дел од УП за село Јурумлери | | |
| | | | | Програма за приоритетна изработка на урбанистички планови (по скратена постапка) на РМ | | | |
| | | | | Трошоци за спроведување постапка по извештаи за стратешка оцена на влијанието на животната средина за урбанистичките планови | | | |
| | | | | Трошоци за изготвување и изменување на планови по иницијатива на граѓани и правни лица | | | |
| | | | | Трошоци за изработка на локална урбанистичка планска документација на подрачјето на Општина Гази Баба | | | |
| | | | | Ажурирање на геодетски подлоги за планови и геодетски услуги | | 3.000.000 | |
| | | 4259 | | Други договорни услуги | | 5.500.000 | |
| | | | 4259 20 | Услуги за копирање, печатење и огласување | | 300.000 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 4259 30 | Научно истражување (вклучувајќи статистичко истражување) конзерваторски основи и сл. | 200.000 | |
| | | | 4529 40 | Рушење на објекти заради реализација на урбанистички планови | 4.500.000 | |
| | | | 4259 90 | Други договорни услуги | 500.000 | |

II.Ф.2 Подпрограма за уредување на градежно земјиште (тековно оперативни трошоци) и

III.Ф.3 Подпрограма за уредување на градежно земјиште во рурални подрачја

-во делот за Приходи се менува и гласи:

| Кат. | Став-ка | Осн. ставка | Подс-тавка | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | Вкупни приходи | | | | 2.800.000 | |
| 71 | | Даночни приходи | | | | 2.800.000 | |
| | 717 | Даноци на специфични услуги | | | | 2.800.000 | |
| | | 7171 | | Комунални даноци | | 2.800.000 | |
| | | | 7171 37 | Надоместок за уредување на градежно земјиште(дел) | | 2.800.000 | |

-во делот за Расходи се менува и гласи:

| Кат. | Став-ка | Осн. ставка | Подс-тавка | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | Вкупни расходи | | | | | |
| 42 | | | Стоки и услуги | | | 2.800.000 | |
| | 425 | | | | Договорни услуги | 650.000 | |
| | | 4259 | | | Други договорни услуги | 650.000 | |
| | | | 4259 90 | | Други договорни услуги | 650.000 | |
| | 426 | | | | Други тековни расходи | 2.150.000 | |
| | | 4269 | | | Други оперативни расходи | 2.150.000 | |
| | | | 4269 90 | | Други оперативни расходи | 2.150.000 | |

IV. Во ФА Подпрограма за уредување на градежно земјиште (капитални трошоци), се вршат следните измени:

1. Во основна ставка 4812 - КАПИТАЛНИ РАСХОДИ, подставка 4812 10 - подготовка на објекти за деловни објекти - 1.000.000 денари, СЕ БРИШЕ;

2. Во основна ставка 4821 - УЛИЦИ И ПАТИШТА, подставка 4821 10 - изработка на проекти, учество на Општина Гази Баба = 40%:
2.1 Главен проект за фекална канализација во н.м Црешево, Смилковци и Виниче - 1.000.000 денари, СЕ БРИШЕ;

3. Во основна ставка 4821 - УЛИЦИ И ПАТИШТА, подставка 4821 20 - изградба на улици и патишта, учество на Општина Гази Баба = 40%:
3.1.Комплет улица 1 и паркинг према зградите на Караџа и Гранит во М.А.Ченто (150/5 и 1300м2) - 3.000.000 денари, СЕ БРИШЕ;
3.2.Комплет улица Индустриска 1 после ФОН, во населба Керамидница (1280/14 и 2џ2,5) - 3.000.000 денари, СЕ БРИШЕ;
3.3 Комплет третта лента со тротоар на улица Б. Стефковски, кај Лео - 500.000 денари, СЕ БРИШЕ;
3.4 Делница од тротоар по Р-103 во н.м Гоце Делчев, износот 500.000, се заменува со износот 1.100.000 денари ;
3.5 Делница од еден тротоар по улица Алија Авдовиќ, од н.м Сингелиќ до н.м Стајковци, во износ од 1.000.000 денари, СЕ МЕНУВА И ГЛАСИ:

''- Делница од еден тротоар по улица Алија Авдовиќ, од н.м Сингелиќ до н.м Стајковци и покрај пензионерскиот дом во н.м Стајковци, во износ од 600.000 денари''.

3.6 Затворање на атмосферски канал во Фински парк во н.м М.А.Ченто (500м1) - 1.500.000 денари - СЕ БРИШЕ;
3.7 Делница од еден тротоар по Бул.16-та Македонска бригада, кај ''Дојрана'' - 500.000 денари, СЕ БРИШЕ;
3.8 Делница од еден тротоар по Р 101 во населба Јане Сандански - 500.000 денари, СЕ БРИШЕ и се заменува со :

''- Реконструкција со надградба на делници од ул.Ј.М Бригади во М.А Ченто, износот 2.000.000, се заменува со износот 7.500.000 денари''

Учество на Општина Гази Баба = 100%:

3.9 Секундарна фекална канализација за месните заедници: Инџиково, Питу Гули, Економија, Сингелиќ, Стајковци и локалитетот Тумба, во износ од 15.000.000 денари, СЕ МЕНУВА И ГЛАСИ:

''- Секундарна фекална канализација за месните заедници: Инџиково, Питу Гули, Економија, Сингелиќ, Стајковци и локалитетот Тумба, тампонирање над фекалната канализација, во износ од 10.000.000 денари ''

3.10 Секундарен фекален бајпас на улица Сава Михајлов во м.з Јане Сандански, во износ од 1.000.000 денари, СЕ МЕНУВА И ГЛАСИ:

''- Секундарна водоводна мрежа на улица Сава Михајлов во м.з Јане Сандански, во износ од 1.500.000 денари'';

3.11 Атмосферска канализација до ул. Б.Стефковски (пред и позади градинката во населба Триангла), износот 3.500.000, се заменува со износот 500.000 денари ;

3.12 Хоризонтална и вертикална сообраќајна канализација (билборди, сообраќајни знаци, улични препреки, бележење на улици и др., износот 1.000.000, се заменува со износот 100.000 денари ;

3.13 Реконструкција со надградба на ул. Бапчор во Автокоманда, 1.000.000 денари , СЕ БРИШЕ: и

3.14 Изведба на паркинг на ул. Ташко Караџа и лазар Поп Трајков во Автокоманда, износот 2.000.000, се заменува со износот 1.000.000 денари .

4. Во основна ставка 4821 - УЛИЦИ И ПАТИШТА, подставка 4821 30 - реконструкција на улици и патишта, се вршат следните измени:

4.1 Надградба на улица Гемиџиска во населба Железара (со претходно стругање) - 3.000.000 денари , СЕ БРИШЕ;

4.2 Паркинг со излез пред амбуланта во населба Автокоманда (600м2) - 1.000.000 денари , СЕ БРИШЕ;

4.3 Реконструкција на делници од ул.Антон Велков во н.м Стајковци со изведба на отворен канал за атмосферски води (800м1) - 3.500.000 денари , СЕ БРИШЕ;

4.4 Проширување на улица Јани Лукровски кај руската зграда со еден тротоар (80/2), во износ од 1.000.000 денари, СЕ МЕНУВА И ГЛАСИ:

''- Проширување на улица Јани Лукровски кај спортската сала, со изведба на паркинг и тротоар на самата улица, и паркинг покрај спортската сала, во износ од 3.000.000 денари'' ;

4.5 Мали улици низ населба Керамидница, износот 1.000.000, се заменува со износот 100.000 денари ;

4.6 Улица Јордан Поп Јорданов заедно со атмосферска канализација и еден тротоар (600/6м1) - 2.500.000 денари , СЕ БРИШЕ;

4.7 Крак на улица Б.Стефковски во населба Хиподром (140/4м1), износот 1.500.000, се заменува со износот 1.000.000 денари ;

4.8 Улици во Виниче (350/3), износот 500.000, се заменува со износот 2.000.000 денари;

4.9 Локален пат од Булачани до Раштак - 2.000.000 денари , СЕ БРИШЕ;

4.10 Пат кон Страчинци, во износ од 500.000 денари, СЕ МЕНУВА И ГЛАСИ:

''- Улици во Страчинци, во износ од 1.500.000 денари'' ;

4.11 Улица во Брњарци (150/3м1) - 500.000 денари ,СЕ БРИШЕ;

4.12 Улица Алија Авдовиќ бр.35 и 39(2*150/3м1), износот 1.000.000, се заменува со износот 500.000 денари ;

4.13 Улица во Идризово - 500.000 денари , СЕ БРИШЕ;

5. Во основна ставка 4823 - ПРЕЧИСТИТЕЛНИ СТАНИЦИ И КОЛЕКТОРИ, во подставките 4823 10 и 4823 20, се вршат следните измени:

5.1 Кај подставка 4823 10 - Проекти за пречистителна станица Идризово и пречистителна станица Црешево, износот 2.000.000, се заменува со износот 100.000 денари ;

5.2 Кај подставка 4823 20 - Изведба на фекален колектор од с.Трубарево до с.Идризово, - 13.000.000, СЕ МЕНУВА И ГЛАСИ:

''Изведба на фекален колектор низ н.м Инџиково, Економија, Сингелиќ и Стајковци, во износ од 35.000.000 денари'' ;

5.3 Кај подставка 4823 20 - изградба на депонии за отпад, износот 1.000.000, се

заменува со износот 900.000 денари ;

6. Во основна ставка 4827 - КАПАЦИТЕТИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ, во подставка 4827 20, се врши следната измена:

6.1 Довршување на водовод во населба Камник (спој со улица Товарник), - 3.000.000 денари , СЕ БРИШЕ;

6.2 Водовод после пруга во Трубарево, износот 2.000.000, се заменува со износот 500.000 денари ;

6.3 Водовод во Трубарево, позади пругата во н.м Гоце Делчев, износот 1.000.000, се заменува со износот 300.000 денари ;

6.4 Водовод по улица Маџари, позади стадион ''Борис Трајковски'', - 3.000.000 денари, СЕ МЕНУВА И ГЛАСИ:

''Водовод по улица Маџари, позади стадион ''Борис Трајковски'', водовод низ Кадриово маало и водовод кон н.м Инџиково - 3.000.000 денари '' ;

6.5 Водовод по Р-103 во индустриска зона Јурумлери - 1.300.000 денари , СЕ БРИШЕ;

6.6 Секундарна водоводна мрежа во Страчинци, износот 1.000.000, се заменува со износот 500.000 денари ;

6.7 Реконструкција на водоводна мрежа во Раштак, износот 3.000.000, се заменува со износот 2.200.000 денари .

7. Во основна ставка 4829 - ИЗГРАДБА НА ДРУГИ ОБЈЕКТИ, во подставка 4829 10, се врши следната измена:

7.1 Главен проект за фекална канализација за н.м Економија, со спој со колектор Инџиково - 1.100.000 денари, СЕ МЕНУВА И ГЛАСИ:

''- Главен проект за фекална канализација за н.м Економија со спој со колектор Инџиково и за н.м Инџиково - 1.100.000 денари''.

во подставка 4829 20, се вршат следните измени:

7.2 Изградба на делници од по еден тротоар, на улиците Лазар Поп Трајков и Јани Лукровски - 2.000.000 денари , СЕ БРИШЕ;

7.3 Изградба на делници од по еден тротоар, на улиците Срећко Пужалка, Палмиро Тољати, Финска и Товарник, во н.м М.А.Ченто, во износ од 4.000.000 денари, СЕ МЕНУВА И ГЛАСИ:

''- Изградба на делници од по еден тротоар, на улиците Срећко Пужалка, Палмиро Тољати, Финска, Товарник и Ј.М Бригади, во н.м М.А.Ченто, во износ од 4.500.000 денари''.

7.4 Изградба на делница од по еден тротоар, по главна улица во н.м Инџиково (од ул.Финска до Црквата) - 1.000.000 денари , СЕ БРИШЕ;

7.5 Реконструкција на паркинг просторот кај пазарчето во н.м М.А.Ченто - 2.000.000 денари, СЕ МЕНУВА И ГЛАСИ:

''- Реконструкција на паркинг просторот кај пазарчето и паркинг во ОУ Крсте Мисирков во н.м М.А.Ченто, во износ од 1.500.000 денари''.

8. Во подставка 4829 30 - реконструкција, се врши следната измена:

8.1 Реконструкција на спортски терени ( и надземни и подземни паркинзи во населба Автокоманда), износот 2.000.000, се заменува со износот 1.000.000 денари .

9. Во подставка 4854 10 - нематеријални трошоци - откуп на земјиште, износот 500.000, се заменува со износот 1.000.000 денари .

2. Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба'', и станува составен дел на Програмата за урбано планирање ''Ф'' на Општина Гази Баба за 2011 година. (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.15/10, 4/11, 8/11 и 11/11).

**Број 07 - 3980/15**
**од 26.10.2011 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Програмата за работа во областа на располагање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2011 година**

1. Се објавува Програмата за работа во областа на располагање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2011 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 26.10.2011 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 4112/13**
**од 01.11.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 84 став 1, а во врска со член 89 од Законот за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр.17/11 53/11), и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба („Службен гласник на општина Гази Баба" бр.4/06), Советот на општина Гази Баба на триесет и седмата седница одржана на ден 26.10 .2011 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2011 ГОДИНА**

**Вовед**

- Општ дел
- Просторен опфат и предмет на Програмата
- Основи за изработка на Програмата
  - Законски основ
  - Основни плански документи
- Лица вклучени во изработка на Програмата

**Глави на Програмата**

1. **Цели на Програмата**
- Општи цели на Програмата
- Конкретни цели на Програмата по урбани блокови, локалитети и населени места

2. **Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по урбанистички план)**
- Листа на градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тие урбани блокови, локалитети и населени места,
- Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тие урбани блокови, локалитети и населени места,
- Детален преглед на градежни парцели (групирани по предвидена активност)
  а. Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање
  б. Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под долготраен закуп по пат на јавно надавање

3. **Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма**
- Дефинирање на целна група за оделни групи на градежни парцели
- Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали
- Дефинирање на опфатот и трошоците поврзани со имплементација на маркетинг стратегијата
- Дефинирање на временската рамка за имплементација на маркетинг стратегијата
- Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегијата

4. **Динамика на реализација на Програмата**
- Број на турнуси за објавување на оглас, временски период за објавување на огласите и распределба на градежните парцели по турнуси
- Пропишување на условите за надавање
- Лица надлежни за реализација на Програмата

5. **Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата (приходна страна на Програмата)**

6. **Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата (расходна страна на Програмата)**

7. **Преодни и завршни одредби**

## Содржини и теми во Програмата

## ВОВЕД

**Општ дел**

Со донесување на новиот закон за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр.17/2011 од 11.02.2011), градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, домашни и странски правни и физички лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесува Советот.

Сопственоста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Македонија управува Владата на Република Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на Република Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено. Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиште на кое нема изграедно комунална инфраструктура.

Градежно земјиште е земјиште кое е планирано со урбанистички план или урбанистичка планска документација.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план или урбанистичка планска документација и може да се состои од една, од дел или од повеќе катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект изграден со документација (одобрение) и заведен во јавните книги за недвижности.

Објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка документација. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации од комуналната инфраструктура.

Прометот со градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Македонија може да се отуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

**А) Просторен опфат и предмет на Програмата**

Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Гази Баба, дефинирана според територијалната организација на Република Македонија, за време на календарска 2011 година, а врз основа на донесените урбанистички планови од страна на Совет на општина Гази Баба, врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Во текот на годишната Програмата се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на териториите на следните урбани блокови, локалитети, населени места: Маџари, Хиподром, Железара, Автокоманда, Крсте Мисирков и Источна индустриска зона и тоа согласно следните урбанистички планови и урбанистички плански документации :

| | |
|---|---|
| 1 | ДУП „Маџари-Хиподром“ (Одлука на Совет бр, 07-293/3 од 29.01.2008год) |
| 2 | ДУП „Маџари-Хиподром“ (Одлука на Совет бр, 07-293/3 од 29.01.2008год) |
| 3 | ДУП „МаџариХиподром“ (Одлука на Совет бр, 07-293/3 од 29.01.2008год) |
| 4 | ДУП „СРЦ Железара“ (Одлука на Совет бр, 07-1433/13 од 30.03.2011год) |
| 5 | ДУП „СРЦ Железара“ (Одлука на Совет бр, 07-1433/13 од 30.03.2011год) |
| 6 | ДУП „СРЦ Железара“ (Одлука на Совет бр, 07-1433/13 од 30.03.2011год) |
| 7 | ДУП „Железара“ локалитет Б (Одлука на Совет бр. 07-1064/4 од 28.12.2004г. |
| 8 | ДУП „Автокоманда“ УБ 2А (Одлука на Совет бр, 07-6463/5 од 16.12.2008год) |
| 9 | ДУП за дел од УЗ „Маџари“, УБ 3 (локалитет кино Маџари)<br>(Одлука на Совет бр, 07-2784/10 од 30.06.2009год) |
| 10 | ДУП за локалитет Маџари – Опфат 1<br>(Одлука на Совет бр, 07-6463/7 од 16.12.2008год) |
| 11 | ДУП за ИИЗ. Локалитет 40, 41 и 42<br>(Одлука на Совет бр, 07-5578/4 од 28.10.2008 год) |
| 12 | ДУП за ИИЗ. Локалитет 40, 41 и 42<br>(Одлука на Совет бр, 07-5578/4 од 28.10.2008 год) |
| 13 | ДУП за дел од МЗ Крсте Мисирков (59)<br>(Одлука на Совет бр, 07-2906/3 од 13.12.2005год) |

**<u>Б) Основи за изработка на Програмата</u>**

- **Законски основ**

Законски основ на програмата за управување со градежното земјиште се: Закон за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ 5/02), Закон за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ бр.17/11 и 53/11) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на општина Гази Баба („Службен гласник на општина Гази Баба“ бр.4/06).

- **Основни плански документи**

Други документи потребни за изработка на Програмата се следните стратешки, развојни и плански документи донесени на локално ниво:

1. **Стратегија за локален економски развој на Општина Гази Баба за плански период од 2009 до 2012 година.** Визија за општина Гази Баба: ОГБ е дел од главниот град на Република Македонија со квалитетни урбани услуги и ефикасен урбан менаџмент, конкурентна економија и одржлив економски раст, висок квалитет на живеење и здрава животна средина, атрактивна за бизниси, домување и туристи. Главни стратешки цели и приоритети се: Да се подобрат и унапредат условите за живеење во ОГБ; да се прошири и диверзифицира економската база во ОГБ преку зголемување на нивото на инвестиции; да се создаде интегрирана локална заедница. За да се постигнат зацртаните стратешки цели активностите ќе бидат концентрирани на создавање на современа и комплетна инфраструктура и ефикасни јавни услуги за потребите на граѓаните и стопанството; создавање на поволни услови за

одржлив економски развој и создавање на поволна инвестициона клима и отварање на нови работни места; зајакнување и промовирање на релациите на партнерства помеѓу јавниот и приватниот сектор; искористување на локалните ресурси и создавање услови за рекреативен и транзитен туризам; развивање на образовниот процес, културата, здравството, спортот и заштита на животната средина во насока на подобрување на квалитетот на живеење во Општината идентификувани приоритетни области за развој : инфраструктура ; јавни услуги; образование; економски развој и рурален развој.

2. **Подстратегија за рурален развој на ОГБ за периодот 2009 – 2012г.** Во пресрет на отварањето на европската компонента за предпристапна помош за рурален развој ја подготвивме подстратегијата за рурален развој која обезбеди и понуди релевантни информации за сите субјекти во општината што ќе изразат интерес да аплицираат со сопствени проекти за финансиски средства од компонентата за рурален развој. Таа беше конципирана во согласност со визијата и стратешките цели за локален економски развој на општината, притоа третирајќи ги политиките, мерките, активностите, состојбите и условите кои треба да придонесат за подинамичен и одржлив рурален развој.

3. **Локален еколошки акционен план за Општина Гази Баба за плански период од 2007 до 2011 година.** Дефинирање, проценка и презентирање на проблемите од областа на животната средина базирани на ризикот за здравјето, екосистемите и генерално квалитетот на животот, развивање стратегии и активности за намалување на ризиците за животната средина, зголемување на јавната свест и одговорност, зголемување на подршката од јавноста за инвестиции во областа на заштита на животната средина, воспоставување структура за соработка меѓу општествените чинители на локално ниво, создадени услови и локални капацитети за идни инвестиции за решавање на проблемите од областа на животната средина, изработката на ЛЕАП е од корист за локалната самоуправа, локалните бизниси, локалните невладини организации, идентификување и дефинирање на приоритетите и акциите : изградба на канализационен систем за прифаќање и третман на фекалните и атмосферските води, прочистување на одводните канали, уредување на депонија за отпад, загадување на воздухот од индустриски и други загадувачи, мониторинг систем за следење на квалитетот на воздухот, уредување на рекреативно – излетнички центар, селектирање и рециклирање на отпадот, регулирање на диви депонии, заштита на земјоделското земјиште од узурпација, заштита на земјиштето од прекумерна употреба на вештачки ѓубрива и хемиски заштитни средства, план за заштита и обновување на природата, формирање на НВО и здруженија на граѓани за подигање на еколошката свест.

4. **Програма за урбано планирање „Ф“ на општина Гази Баба за 2011 година бр.07-7064/5 од 22.12.2010 година, Програма за изменување и дополнување на Програма за урбано планирање „Ф“ на општина Гази Баба за 2011 година бр.07-1433/17 од 30.03.2011 година и Програма за изменување и дополнување на Програма за урбано планирање „Ф“ на општина Гази Баба за 2011 година бр.07-2618/7 од 30.06.2011 година.** Основна цел и задача на урбанистичките планови на подрачјето на општина Гази Баба :
   - оптимална организација и користење на просторот преку негова функционална интеграција, кохезија и рамномерност во развојот,
   - одржливо користење на природните ресурси,
   - заштита на животната средина,
   - хуманизација на условите на живеењето,
   - максимално вклучување во развојните процеси на непосредното и пошироко окружување,
   - промоција на долгорочен и одржлив социо-економски развој,
   - спречување на штетно влијание врз животната средина,
   - различната примена на расположивиот простор и економскиот баланс на регионите,
   - одржувањето и внимателното постапување со природните ресурси,
   - создавање на порационална организација на различните видови на користење на земјиштето, како и нивна меѓусебна поврзаност, со што би требало да се избалансираат потребите од социо-економски развој, квантитативно квалитативна трансформација на содржините во просторот,
   - достигнување на повисок степен на просторна организација,
   - хуманизација на просторот, подобрување на условите за живеење и унапредување на животната средина

- Функционална, економска и социјална интеграција на Регионот, поврзување со соседните простори поодделно и Републиката во целост;
- заштита, и користење на продуктивното земјоделско земјиште за примарно производство;

**В) Лица вклучени во изработка на Програмата**

- **Сашо Трајков**, дипломиран економист- раководител на Сектор за локален економски развој,
- **Тодор Петров,** дипломиран економист – помошник раководител на Сектор за подршка на градоначалникот,
- **Светлана Јованоска**, дипломиран инжинер архитект- раководител на Одделение за урбанизам и просторно планирање,
- **Васко Апостоловски**, дипломиран правник- раководител на Одделение за подршка на Советот и работните тела на Советот,
- **Соња Маневска**, дипломиран правник- раководител на Одделение за координација на јавни набавки,
- **Стојка Долиќоска**, дипломиран инжинер архитект- советник за урбанистичко планирање и водење постапка,
- **Елисавета Најдовска**, дипломиран градежен инжинер, -советник- овластен градежен инспектор,
- **Владимир Божиновски,** дипломиран економист, - советник за буџетска контрола и аналитика.
- **Гоце Гиговски,** геодетски техничар, - самостоен референт за геодетски работи.
- **Тони Арсовски,** електротехничар – електроничар, информатичар.

## ГЛАВИ НА ПРОГРАМАТА

**1.Цели на Програмата**

- **Општи цели на Програмата**
  - Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината, преку креирање на просторни услови за развој.
- **Конкретни цели на Програмата по урбани блокови,локалитети и населени места,**
  - Понуда на просторни услови за развој на станбено - резидентни, образовни, деловни, индустриски, рекреативно – спортски градби, како и градби за развој на културата и уметноста.
  - Развој на локалните места и локалитети преку подобрување на квалитетот на живот на населението.
  - Потикнување и привлекување на домашни и странски инвестиции.
  - Динамизирање на економската активност преку искористување на локалните ресурси.
  - Создавање на претпоставки и предуслови за отварање на нови работни места.

**2.Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по населено место и урбанистички план)**

- **Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет, идентификувани со број на градежните парцели,**

| Ред. број | Градежни парцели | Намена | Урбан блок, локалитет, населено место | Назив на план | Број на гр. парцели |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2.1, 9.5, 9.9, 11.1, 11.3, 11.4, 11.5, 11.6, 11.8 | А2 – домување во станбени згради | Нас. Хиподром 2 | ДУП „Маџари-Хиподром“ (Одлука на Совет бр, 07-293/3 од 29.01.2008год) | 9 |
| 2 | 1.5, 1.6, 1.7 | Г3 – сервиси | Нас. Хиподром 2 | ДУП „Маџари-Хиподром“ (Одлука на Совет бр, 07-293/3 од 29.01.2008год) | 3 |
| 3 | 5.47, 5.48, 5.49 и 5.51 | Б1- услужни дејности | Нас. Железара | ДУП „Железара“ локалитет Б (Одлука на Совет бр. 07-1064/4 од 28.12.2004г. | 4 |
| 4 | 9.1 | Б2 – големи трговски единици | Нас. Хиподром 2 | ДУП „МаџариХиподром“ (Одлука на Совет бр, 07-293/3 од 29.01.2008год) | 1 |
| 5 | 1.7 и 1.18 | Д3 – спорт и рекреација | Нас. Железара | ДУП „СРЦ Железара“ (Одлука на Совет бр, 07-1433/13 од 30.03.2011год) | 2 |
| 6 | 1.10 | А4 – времено сместување | Нас. Железара | ДУП „СРЦ Железара“ (Одлука на Совет бр, 07-1433/13 од 30.03.2011год) | 1 |
| 7 | 1.1 | Е2 – катна гаража | Нас. Железара | ДУП „СРЦ Железара“ (Одлука на Совет бр, 07-1433/13 од 30.03.2011год) | 1 |
| 8 | 2.1 | А2 – домување во станбени згради | Нас. Автокоманда | ДУП „Автокоманда“ УБ 2А (Одлука на Совет бр, 07-6463/5 од 16.12.2008год) | 1 |
| 9 | 1.5 | Б2 – големи трговски единици | Нас. Маџари | ДУП за дел од УЗ „Маџари“, УБ 3 (локалитет кино Маџари) (Одлука на Совет бр, 07-2784/10 од 30.06.2009год) | 1 |
| 10 | 16,17 и 18 | Б2 – големи трговски единици | Нас. Маџари - Триангла | ДУП за локалитет Маџари – Опфат 1 (Одлука на Совет бр, 07-6463/7 од 16.12.2008год) | 3 |
| 11 | 1.6 | Г2 – лесна индустрија | Нас. Маџари | ДУП за ИИЗ. Локалитет 40, 41 и 42 (Одлука на Совет бр, 07-5578/4 од 28.10.2008 год) | 1 |
| 12 | 3.10 | Г5 – инфраструктура (бензинска пумпа) | Нас. Маџари | ДУП за ИИЗ. Локалитет 40, 41 и 42 (Одлука на Совет бр, 07-5578/4 од 28.10.2008 год) | 1 |
| 13 | 1.16 | А1 – домување во семејни куќи | МЗ Крсте Мисирков | ДУП за дел од МЗ Крсте Мисирков (59) (Одлука на Совет бр, 07-2906/3 од 13.12.2005год) | 1 |
| ВКУПНО | | | | | 29 |

- **Детален преглед на градежни парцели ( по населено место и по урбанистички план)**

**А. Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање**

- **ДУП „Маџари-Хиподром“ (А2 – домување во станбени згради)**




| Бр. на ГП | Површина на ГП | Површна под градба | Процент на изграденост | Изградена површина | Коефициент на искористеност | Намена на замјиште | Максимална висина на градба/ бр. на катови | Паркирање во парцела | Почетна единечна цена/м2 | Вкупна почетна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2.1** | 5056 | 1427 | 28 | 11416 | 2,26 | Домување во станбени згради – А2, Б1 | 25,20/ П+7 | 120 | **2460** | **12.437.760,00** |
| **9.5** | 2115 | 483 | 23 | 3864 | 1,83 | Домување во станбени згради – А2, Б1 | 25,20/ П+7 | 38 | **2460** | **5.202.900,00** |
| **9.9** | 2154 | 483 | 22 | 3864 | 1,79 | Домување во станбени згради – А2, Б1 | 25,20/ П+7 | 38 | **2460** | **5.298.840,00** |
| **11.1** | 3373 | 483 | 14 | 3864 | 1,15 | Домување во станбени згради – А2, Б1 | 25,20/ П+7 | 38 | **2460** | **8.297.580,00** |
| **11.3** | 3720 | 766 | 21 | 6128 | 1,65 | Домување во станбени згради – А2 | 25,20/ П+7 | 38 | **2400** | **8.928.000,00** |
| **11.4** | 3355 | 483 | 14 | 3964 | 1,15 | Домување во станбени згради – А2 | 25,20/ П+8 | 38 | **2400** | **8.052.000,00** |
| **11.5** | 2824 | 483 | 17 | 3864 | 1,37 | Домување во станбени згради – А2 | 25,20/ П+7 | 38 | **2400** | **6.777.600,00** |
| **11.6** | 3053 | 483 | 16 | 3864 | 1,27 | Домување во станбени згради – А2 | 25,20/ П+7 | 38 | **2400** | **7.327.200,00** |
| **11.8** | 2063 | 569 | 28 | 4552 | 2,21 | Домување во станбени згради – А2 | 25,20/ П+7 | 38 | **2400** | **4.951.200,00** |

- **ДУП „Маџари-Хиподром“ (Г3 – сервиси)**




| Бр. на ГП | Површина на ГП | Површина под градба | Процент на изграденост | Изградена површина | Коефициент на искористеност | Намена на замјиште | Максимална висина на градба/ бр. на катови | Паркирање во парцела | Почетна единечна цена/м2 | Вкупна почетна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.5** | 3897 | 842 | 22 | 842 | 0,22 | Сервис – Г3 | 6,5/П | 9 | **61,00** | **237.717,00** |
| **1.6** | 4896 | 1776 | 36 | 1776 | 0,36 | Сервис – Г3 | 6,5/П | 18 | **61,00** | **298.656,00** |
| **1.7** | 5069 | 1776 | 35 | 1776 | 0,35 | Сервис – Г3 | 6,5/П | 18 | **61,00** | **309.209,00** |

- **ДУП „Железара“ локалитет Б (Б1- услужни дејности)**




| Бр. на ГП | Површина на ГП | Површна под градба | Процент на изграденост | Изградена површина | Коефициент на искористеност | Намена на замјиште | Максимална висина на градба/ бр. на катови | Паркирање во парцела | Почетна цена / м2 | Вкупна почетна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **5.47** | 111 | 49 | 44 | 98 | 0,88 | услужни дејности | 7.00 | 2 | **6.000,00** | **666.000,00** |
| **5.48** | 148 | 51 | 34 | 102 | 0,69 | услужни дејности | 7.00 | 2 | **6.000,00** | **888.000,00** |
| **5.49** | 500 | 240 | 48 | 480 | 0,96 | услужни дејности | 7.00 | 10 | **6.000,00** | **3.000.000** |
| **5.51** | 466 | 227 | 49 | 454 | 0,97 | услужни дејности | 7.00 | 9 | **6.000,00** | **2.796.000,00** |

- **ДУП „Маџари-Хиподром“ (Б2 – големи трговски единици)**




| Бр. на ГП | Површина на ГП | Површина под градба | Процент на изграденост | Изградена површина | Коефициент на искористеност | Намена на замјиште | Максимална висина на градба/ бр. на катови | Паркирање во парцела | Почетна единечна цена/м2 | Вкупна почетна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **9.1** | 2328 | 960 | 41 | 1920 | 0,82 | големи трговски единици – Б2 | 10,20/П+1 | 64 | **2.600,00** | **6.052.800,00** |

- **ДУП за спортско рекреативен центар „Железара“ (Д3 – спорт и рекреација)**



| Бр. на ГП | Површина на ГП | Површина под градба | Процент на изграденост | Изградена површина | Коефициент на искористеност | Намена на земјиште | | Максимална висина на градба/ бр. на катови | Паркирање во парцела | Почетна единечна цена / м2 | Вкупна почетна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | основна | компатибилна | | | | |
| **1.7** | 17889 | 11665 | 65 | 23330 | 1,3 | Спорт и рекреација – Д3 | А4, Б1, Б2, Б3, Б4, Б6, В3 | 14.20 | 60 | **3148** | **56.314.572,00** |
| **1.18** | 9483 | 5890 | 62 | 11780 | 1,2 | Спорт и рекреација – Д3 | А4, Б1, Б2, Б3, Б4, Б6, В3 | 14.20 | 40 | **3148** | **29.861.928,00** |

- ДУП за спортско рекреативен центар „Железара“ (А4 времено сместување)



| Бр. на ГП | Површина на ГП | Површина под градба | Процент на изграденост | Изградена површина | Коефициент на искористеност | Намена на замјиште | | Максимална висина на градба/ бр. на катови | Паркирање во парцела | Почетна единечна цена / м2 | Вкупна почетна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | основна | компатибилна | | | | |
| **1.10** | 3710 | 1312 | 35 | 5280 | 1,4 | А4 | / | 14 | 28 | **61,00** | **226.310,00** |

- **ДУП за спортско рекреативен центар „Железара“ (Е2 – катна гаража)**




| Бр. на ГП | Површина на ГП | Површна под градба | Процент на изграденост | Изградена површина | Коефициент на искористеност | Намена на замјиште | | Максимална висина на градба/ бр. на катови | Паркирање во парцела | Почетна единечна цена / м2 | Вкупна почетна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | основна | компатибилна | | | | |
| **1.1** | 6250 | 2940 | 47 | 11760 | 1,9 | Е2 – катна гаража | / | 12,00 | 470 | **61,00** | **388.250,00** |

- **ДУП „Автокоманда“ УБ 2А (А2 – домување во станбени згради)**




| Бр. на ГП | Површина на ГП | Површна под градба | Процент на изграденост | Изградена површина | Коефициент на искористеност | Намена на замјиште | | Максимална висина на градба/ бр. на катови | Паркирање во парцела | Почетна единечна цена / м2 | Вкупна почетна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | основна | компатибилна | | | | |
| **2.1** | 2125 | 601 | 28 | 3005 | 1,4 | Домување во станбени згради – А2 | / | 14,70/П+3+Пк | 36 | **4.000,00** | **8.500.000,00** |

- **ДУП за дел од УЗ Маџари УБ 3 – локалитет кино Маџари (Б2 – големи трговски единици)**




| Бр. на ГП | Површина на ГП | Површна под градба | Процент на изграденост | Изградена површина | Коефициент на искористеност | Намена на замјиште | | Максимална висина на градба/ бр. на катови | Паркирање во парцела | Почетна единечна цена / м2 | Вкупна почетна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | основна | компатибилна | | | | |
| **1.5** | 4058 | 1949 | 48 | 5130 | 1,26 | Големи трговски единици – Б2 | / | 9.2-13.2/П+1 – П+2 | 171 | **2.600,00** | **10.550.800,00** |

- **ДУП Локалитет Маџари – Опфат 1 (Б2 – големи трговски единици)**



| Бр. на ГП | Површина на ГП | Површина под градба | Процент на изграденост | Изградена површина | Коефициент на искористеност | Намена на замјиште | | Максимална висина на градба/ бр. на катови | Паркирање во парцела | Почетна единечна цена / м2 | Вкупна почетна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | основна | компатибилна | | | | |
| **16** | 1957 | 937 | 47,9 | 2812 | 1,44 | Големи трговски единици – Б2 | Б4, Д1, Д2 | 11.40/П+2 | 47 | **6.000,00** | **11.742.000,00** |
| **17** | 2264 | 1281 | 56,6 | 3843 | 1,70 | Големи трговски единици – Б2 | Б4, Д1, Д2 | 11.40/П+2 | 64 | **6.000,00** | **13.584.000,00** |
| **18** | 4260 | 2370 | 55,6 | 7110 | 1,67 | Големи трговски единици – Б2 | Б4, Д1, Д2 | 11.40/П+2 | 119 | **6.000,00** | **25.560.000,00** |

- **ДУП за ИИЗ, локалитет: 40, 41, 42 (Г2 – лесна индустрија)**




| Бр. на ГП | Површина на ГП | Површина под градба | Процент на изграденост | Изградена површина | Коефициент на искористеност | Намена на замјиште | | Максимална висина на градба/ бр. на катови | Паркирање во парцела | Почетна единечна цена / м2 | Вкупна почетна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | основна | компатибилна | | | | |
| **1.6** | 3496 | 1312 | 38 | 2624 | 0,75 | Г2 – лесна индустрија | / | 9.0/П+1 | 26 | **61,00** | **213.256,00** |

- **ДУП за ИИЗ, локалитет: 40, 41, 42 (Г5 – инфраструктура (бензинска пумпа))**



| Бр. на ГП | Површина на ГП | Површна под градба | Процент на изграденост | Изградена површина | Коефициент на искористеност | Намена на земјиште | | Максимална висина на градба/ бр. на катови | Паркирање во парцела | Почетна единечна цена / м2 | Вкупна почетна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | основна | компатибилна | | | | |
| **3.10** | 1832 | 290 | 16 | 290 | 0,16 | Г5 – бензинска пумпа | / | 5,6/П | со арх. урб. проект | **3.200,00** | **5.862.400,00** |

- **ДУП за дел од МЗ „Крсте Мисирков“ (59) (А1 – семејни куќи)**




| Бр. на ГП | Површина на ГП | Површна под градба | Процент на изграденост | Изградена површина | Коефициент на искористеност | Намена на замјиште | | Максимална висина на градба/ бр. на катови | Паркирање во парцела | Почетна единечна цена | Вкупна почетна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | основна | компатибилна | | | | |
| **1,16** | 531 | 182 | 34 | 410 | 0,77 | Семејна куќа – А1 | / | 10,20 | / | **61,00** | **32.391,00** |

**3. Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма**

- **Дефинирање на целни групи за оделни групи на градежни парцели**

a. Целна група за наменска зона А1 – домување во станбени куќи : млади брачни парови, граѓани со помала куповна моќ, граѓани со субстандардни услови за живеење.

b. Целна група за наменска зона А2 – домување во станбени згради: млади брачни парови, граѓани со помала куповна моќ, граѓани со субстандардни услови за живеење и слично,

c. Целна група за наменска зона А4 – времено сместување: Домашни и странски инвеститори за изградба сите видови хотели, пансиони, пренокишта, освен големи хотелски комплекси со повеќе придружни намени,

d. Целна група за наменска зона Б1 – мали комерцијални и деловни намени: Домашни и странски инвеститори за изградба на објекти во кои спаѓаат и услужни и угостителски дејности кои се изведуваат во дуќани (за продажба и излагање, поправка на лични предмети, храна, предмети за домаќинство, ресторани, кафулиња, слаткарници, банки, пошта, аптеки, мали ординации, козметички салони, итн.)

e. Целна група за наменска зона Б2 – големи трговски единици : Домашни и странски инвеститори за изградба на објекти во кои се обавуваат сите вудови на трговија на мало, која се стварува во самостојни градби или во значителни делови од градби, како што се трговски центри, стоковни куќи, големи специјализирани продавници, супермаркети, затворени пазаришта и пазари на отворено.

f. Целна група за наменска зона Г2 – лесна и незагадувачка индустрија : Домашни и странски инвеститори за проширување на постоечки индустриски капацитети, откупно дистрибутивни и логистички центри, производство, складирање и слично,

g. Целна група за наменска зона Г3 – сервиси : Домашни и странски инвеститори за проширување на постоечки капацитети, сервиси за одржување на опрема и индустриски производи, како што се сервиси за автомобили и други возила, машини, алати и инструменти, хемиско чистење и слично,

h. Целна група за наменска зона Г5 (Е2) – инфраструктура- бензиска пумпа : Домашни и странски инвеститори за изградба на нова бензиска пумпна станица и слично,

i. Целна група за наменска зона Е2 – комунална супраструктура : Домашни и странски инвеститори за изградба на нова катна гаража и слично.

j. Целна група за наменска зона Д3 – спорт и рекреација: Домашни и странски инвеститори за изградба на објекти за спорт и рекреација и сите жители на општина Гази Баба.

- **Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали :**

Надградба и проширување на веб страната на општина Гази Баба, интерактивна ВЕБ страница www.gradezno-zemjiste.mk , интернет бизнис портали, подготовка и дистрибуција на промотивен материјал, презентирање и лобирање на општината, медиумско презентирање на економските потенцијали и ресурси на општина, одржување на Форуми за локален економски развој, подготовка на студии за можности за инвестирање, општинскиот весник, презентација на локацискиот потенцијал во 3Д анимација, и слично.

- **Опфат и трошоците поврзани со имплементација на маркетинг стратегијата**
  - Трошоци и финансиски средства потребни за промоција и презентација на Годишна Програма за 2011г. - 800.000,00 денари
- **Временската рамка за имплементација на маректинг стратегијата**
  - Во текот на четвртиот квартал од 2011г.
- **Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегијата**
  - Сашо Трајков, Тони Арсовски, Владимир Божиновски, Гоце Гиговски, Душанка Атанасовска.

**4.Динамика на реализација на Програмата**

- **Број на турнуси за објавување оглас, временски период за објавување на огласите и распределба на градежните парцели по турнуси**

| Ред. број | Градежни парцели | Намена и Населено место | Број на турнуси за објавување на оглас | Временски период за објавување на огласите | Број на гр. парцели |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2.1, 9.5, 9.9, 11.1, 11.3, 11.4, 11.5, 11.6, 11.8 | А2 – домување во станбени згради Нас. Хиподром 2 | Прв турнус | во четвртиот квартал на 2011г. | 9 |
| 2 | 1.5, 1.6, 1.7 | Г3 – сервиси Нас. Хиподром 2 | Втор турнус | во четвртиот квартал на 2011г. | 3 |
| 3 | 5.47, 5.48, 5.49 и 5.51 | Б1- услужни дејности, нас. Железара | Втор турнус | Во четвртиот квартал на 2011г. | 4 |
| 4 | 9.1 | Б2 – големи трговски единици Нас. Хиподром 2 | Втор турнус | во четвртиот квартал на 2011г. | 1 |
| 5 | 1.7 и 1.18 | Д3 – спорт и рекреација Нас. Железара | Прв турнус | во четвртиот квартал на 2011г. | 2 |
| 6 | 1.10 | А4 – времено сместување Нас. Железара | Прв турнус | во четвртиот квартал на 2011г. | 1 |
| 7 | 1.1 | Е2 – катна гаража Нас. Железара | Втор турнус | во четвртиот квартал на 2011г. | 1 |
| 8 | 2.1 | А2 – домување во станбени згради Нас. Автокоманда | Прв турнус | во четвртиот квартал на 2011г. | 1 |
| 9 | 1.5 | Б2 – големи трговски единици Нас. Маџари | Втор турнус | во четвртиот квартал на 2011г. | 1 |
| 10 | 16,17 и 18 | Б2 – големи трговски единици Нас. Маџари - Триангла | Втор турнус | во четвртиот квартал на 2011г. | 3 |
| 11 | 1.6 | Г2 – лесна индустрија Нас. Маџари | Втор турнус | во четвртиот квартал на 2011г. | 1 |
| 12 | 3.10 | Г5 – инфраструктура (бензинска пумпа) Нас. Маџари | Втор турнус | во четвртиот квартал на 2011г. | 1 |
| 13 | 1.16 | А1 – домување во семејни куќи МЗ Крсте Мисирков | Прв турнус | во четвртиот квартал на 2011г. | 1 |
| ВКУПНО | | | | | 29 |

- **Пропишување на условите за надавање**
  Се пропишуваат/определуваат следните параметри:
  -Висината на депозитот за учество,
  -Интернет страница на кое ќе се врши наддавањето - www.gradezno-zemjiste.mk
  -Условите за учество и други обврски

- **Лица надлежни за реализацијата на Програмата**

1. **Сашо Трајков**, дипломиран економист- раководител на Сектор за локален економски развој,
2. **Светлана Јованоска**, дипломиран инжинер архитект- раководител на Одделение за урбанизам и просторно планирање,
3. **Васко Апостоловски**, дипломиран правник- раководител на Одделение за подршка на Советот и работните тела на Советот,
4. **Соња Маневска**, дипломиран правник- раководител на Одделение за координација на јавни набавки,
5. **Стојка Долиќоска**, дипломиран инжинер архитект- советник за урбанистичко планирање и водење постапка,
6. **Елисавета Најдовска**, дипломиран градежен инжинер, -советник- овластен градежен инспектор, и
7. **Александар Георгиевски,** претставник од град Скопје.

**5.Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата**

| Бр. | Населено Место (Локалитет) | Проценка на финансиски приходи ( во денари) |
|---|---|---|
| 1 | Населба Хиподром 2 | 27.080.306,00 |
| 2 | Населба Железара | 94.141.060,00 |
| 3 | Населба Автокоманда | 8.500.000,00 |
| 4 | Населба Маџари | 67.512.456,00 |
| 5 | Населба Ченто | 32.391,00 |
| ВКУПНО | | **197.266.213,00** |

**6.Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата**

| Бр. | Вид на трошоци | Проценка на износ на трошоци ( во денари) |
|---|---|---|
| 1 | Трошоци по основ на администрирање на постапки за отуѓување, односно давање под закуп на градежно земјиште; | 1.100.000,00 |
| 2 | Трошоци по основ на експропријација; | 0,00 |
| 3 | Трошоци по основ на купување на градежно земјиште од физички и правни лица; | 0,00 |
| 4 | Трошоци за промовирање, односно рекламирање на градежни локации што ќе бидат предмет на отуѓување, односно давање под закуп на градежно земјиште; | 800.000,00 |
| ВКУПНО | | **1.900.000,00** |

**7.Преодни и завршни одредби**

Програмата ја усвојува Советот на општината.

Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува.

За спроведувањето на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општина Гази Баба.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службениот гласник на општина Гази Баба.

**Број 07-3980/16**
**од 26.10.2011 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Правилникот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес**

1. Се објавува Правилникот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 26.10.2011 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 4112/14**
**од 01.11.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 49 од Законот за здруженија и фондации (''Службен весник на РМ'' бр.52/10), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и седмата седница одржана на ден 26.10.2011 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## За финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес

ОПШТА ОДРЕДБА

**Член 1**

Со овој правилник се уредува финансирањето на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес, што се финансираат со средства од Буџетот на Општина Гази Баба.

СРЕДСТВА

**Член 2**

Средствата за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации се утврдуваат во Буџетот на Општина Гази Баба.

Минималниот и максималниот износ за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации се утврдува во одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба.

КОНКУРС

**Член 3**

Финансирањето на проекти на здруженија на граѓани и фондации се врши врз основа на конкурс што го распишува Градоначалникот на Општина Гази Баба во тековната за наредната буџетска година.

Конкурсот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации се распишува на 1 јули во тековната за наредната буџетска година и трае 30 дена, заклучно со 30 јули, а се објавува во едно од дневните гласила и на њеб-страницата на Општина Гази Баба.

ОБЛАСТИ

**Член 4**

Општина Гази Баба ќе обезбеди средства за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес од следниве области: граѓанско општество и демократизација, човекови права, култура, здравство, социјално-хуманитарна работа, информации, спорт, млади, образование, екологија и меѓународна соработка.

УЧЕСТВО

**Член 5**

На конкурсот може да учествуваат здруженија на граѓани и фондации што вршат дејност од областите во членот 4 на овој правилник, чие регистрирано седиште се наоѓа на подрачјето на Општина Гази Баба или имаат огранок на подрачјето на Општина Гази Баба.

ДОКУМЕНТИ

**Член 6**

Здруженијата на граѓани и фондации кои учествуваат на конкурсот треба да достават:

- Пријава за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации,
- Проектна пријава на здруженија на граѓани и фондации,
- Статут и доказ за регистрација на здружението на граѓани и фондацијата во

надлежниот орган, и

- Извештај за добиените средства од Општина Гази Баба во изминатата фискална година и начинот на нивната реализација.

Пријавата за финансиска поддршка и проектната пријава се составен дел на овој правилник.

Пријавата за финансиска поддршка и Проектната пријава ќе бидат објавени на њеб-страницата на Општина Гази Баба.

РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

**Член 7**

Пријавите треба да се достават до Општина Гази Баба преку пошта на адреса ''Општина Гази Баба, Булевар ''Александар Македонски'' бб, Скопје" или со предавање во писарницата на Општина Гази Баба од 08 часот до ( заклучно со) 16 часот последниот ден од конкурсот.

ИЗБОР НА ПРОЕКТИ

**Член 8**

Изборот на проектите на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес го врши Градоначалникот на предлог на комисија составена од претседател, заменик претседател и 5 члена, која се именува со решение на Градоначалникот на Општина Гази Баба.

Комисијата изборот на проектите на здруженија на граѓани и фондации го утврдува во рок од 60 дена од последниот ден на конкурсот.

Програмата за распределба на средствата за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации на предлог на Градоначалникот, ја донесува Советот на Општина Гази Баба.

Програмата за распределба на средствата за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации се објавува во ''Службен гласник на општина Гази Баба'' и на њеб-страницата на Општина Гази Баба.

Здруженијата на граѓани и фондации кои учествувале на конкурсот ќе бидат известени за резултатите од изборот на проектите на здруженија на граѓани и фондации.

ОТФРЛАЊЕ НА ПРИЈАВИ

**Член 9**

Нема да бидат разгледани пријавите: доставени по истекот на рокот на конкурсот, пополнети на несоодветен образец, нецелосно пополнети и некомплетни пријави без приложените документи кои задолжително се бараат.

Материјалите доставени со пријавите на конкурсот не се враќаат.

ИЗВЕШТАЈ ЗА ДОБИЕНИ СРЕДСТВА

**Член 10**

По завршувањето на проектот секое здружението на граѓани и фондација кои добиле средства од Буџетот на Општина Гази Баба, должни се да достават извештај за користењето на средствата до Градоначалникот на Општина Гази Баба.

ЗАВРШНА ОДРЕДБА

**Член 11**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07 - 3980/17**
**од 26.10.2011 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

# СОДРЖИНА

ЗАКЛУЧОК за усвојување на Програмата за работа
на ЈУДГ ''ДЕТСКА РАДОСТ'' – Општина Гази Баба – Скопје, за период 2011/2012 година . . . . . . . . . . . . . . . . .2

ЗАКЛУЧОК за усвојување на Програмата за работа
на ЈУДГ ''25 МАЈ'' – Општина Гази Баба – Скопје, за период 2011/2012 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .4

ОДЛУКА за надомест на материјална штета . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .6

РЕШЕНИЕ за објавување на Заклучокот за прифаќање на решението на Градоначалникот
на Општина Гази Баба, бр.08–3923/1 од 14.10.2011 година, за поништување на решението
за објавување на одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот
на Општина Гази Баба за 2011 година, бр.08–3706/14 од 26.09.2011 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .8

ЗАКЛУЧОК за прифаќање на решението на Градоначалникот на Општина Гази Баба,
бр.08–3923/1 од 14.10.2011 година, за поништување на решението за објавување
на одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба
за 2011 година, бр.08–3706/14 од 26.09.2011 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .9

ОДЛУКА за поништување на одлуката за измена на распоредот на средствата
во Буџетот на Општина Гази Баба за 2011 година, бр.07–3534/16 од 20.09.2011 година . . . . . . . . . . . . . . . . . .11

ЗАКЛУЧОК за усвојување на Извештајот за остварување на приходите и извршување
на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот Јануари – Септември 2011 година . . . . . . . . .13

ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ И ИЗВРШУВАЊЕ НА РАСХОДИТЕ
НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА ПЕРИОД ЈАНИАРИ – СЕПТЕМВРИ 2011 ГОДИНА . . . . . . . . . . .14

ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2011 ГОДИНА . . . . . . . . . . . . . . . . .29

ОДЛУКА за изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел
од нас.Железара, локалитет Б, Блок 6 Општина Гази Баба – Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .55

ОДЛУКА за изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел
од УБ 2 населба Маџари 1 МЗ „Хиподром„ Блок 6 Општина Гази Баба – Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .59

ОДЛУКА за утврдување Нацрт – Урбанистички план за село Трубарево – Урбан Блок 8,
Општина Гази Баба – Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .63

ОДЛУКА за донесување на Детален урбанистички план за дел од УЗ Маџари 2, УБ 5,
Општина Гази Баба –Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .67

ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА
ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ „Ф„ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2011 ГОДИНА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .71

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА
ГАЗИ БАБА ЗА 2011 ГОДИНА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .79

ПРАВИЛНИК за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес . . . . .99

**"Службен гласник на Општина Гази Баба"**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Насе Ралев
бул. Александар Македонски 66 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 100 примероци

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

СКОПЈЕ

**СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk** **http://www.gazibaba.gov.mk**